Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 11 став 4 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), член 8 став 3, член 13 и член 14 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3327/1 од 07.09.2021 година, и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/8 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:

# УПАТСТВО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЛИЦА ОВЛАСТЕНИ ЗА ВРШЕЊЕ ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ МЕДИУМИ НАДВОР ОД РАБОТНИТЕ ПРОСТОРИИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Точка 1

Во Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-5762/1 од 19.11.2014 година (во понатамошниот текст: Упатството), преамбулата се менува и гласи:

„Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, член 11 став 4 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.122/20), член 8 став 3, член 13 и член 14 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност, заштита и безбедност на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3327/1 од 07.09.2021 година, и Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-3619/8 од 08.10.2021 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 29-та седница одржана на 08.10.2021 година, донесе:“

## Точка 2

Насловот на Упатството, се менува и гласи:

„Упатство за начинот на водење евиденција за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем и постапки за идентификација и проверка на авторизиран пристап“.

## Точка 3

Во глава I. Општи одредби, членот 1 (кој станува Точка 1) се менува и гласи:

„Точка 1:

Со ова упатство се пропишува начинот на водење евиденција во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за овластените лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем и постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап“.

**Точка 4**

Членот 2 се брише.

**Точка 5**

Насловот на глава II. се менува и гласи:

„II.Начин на водење на евиденција на овластени лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

**Точка 6**

Членот 3 (кој станува Точка 2), се менува и гласи:

„Точка 2:

Агенцијата води евиденција на овластени лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем.

Евиденцијата од став 1 на оваа Точка ги содржи следните елементи:

- име и презиме;
- датум на овластување/решение за распоредување;
- рок на важење на овластувањето/решението, и тоа:
    - доколку работникот е вработен во Агенцијата на неопределено работно време, како рок на важење на овластувањето се наведува – неограничено додека е на работното место на кое е распореден,
    - доколку работникот е вработен/ангажиран во Агенцијата на определено работно време како рок на важење на овластувањето се наведува датумот до кој работникот е вработен/ангажиран во Агенцијата на определено работно време на работното место на кое е распореден,
    - овластувањето на директорот на Агенцијата, на заменикот на директорот на Агенцијата и на членовите на Советот на Агенцијата, важи за временскиот период на траење на нивниот мандат согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- овозможен пристап до збирка/евиденција;
- обем на пристапот („увид“, „внес“, „промена“, „брише“);
- начин на пристап (се наведува дали овластеното лице има пристап до личните податоци кои автоматски се обработуваат или до личните податоци содржани во хартиена документација или има пристап и на двата начина).“

**Точка 7**

Членот 4 (кој станува Точка 3), се менува и гласи:

„Точка 3:

Евиденцијата на овластени лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се врши на образец даден во прилог на ова Упатство (Прилог бр.1), кој е негов составен дел.

Евиденцијата од став 1 на оваа Точка се чува најмалку 5 (пет) години.

Офицерот/ите за заштита на личните податоци врши/ат периодична проверка на податоците во евиденцијата од став 1 на оваа Точка и изготвува/ат извештај за извршената проверка и за констатираните неправилности.“

**Точка 8**

Насловот на Глава „III. Начин на водење евиденција за пренесување медиуми – носители на лични податоци надвор од работните простории на Агенцијата односно примање на вакви медиуми во Агенцијата“ и членот 5 (кој станува Точка 4), се менуваат и гласат:

„III. Постапки за идентификација и проверка на авторизиран пристап“;

Точка 4:

Агенцијата задолжително воспоставува постапки за идентификација и проверка на авторизираниот пристап до документите и информацискиот систем.

Кога проверката од став 1 од оваа точка се врши врз основа на корисничко име и лозинка Агенцијата секогаш ги применува правилата кои ја гарантираат нивната доверливост и интегритет при пријавување, доделување и чување на истите.

Лозинките автоматски се менуваат во период од 3 (три) месеци, се чуваат заштитени со соодветни методи, така што истите нема да бидат разбирливи додека се валидни.“

**Точка 9**

Членовите 6 и 7 стануваат Точки 5 и 6.

**Точка 10**

Во останатиот дел Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-5762/1 од 19.11.2014 година, не се менува.

**Точка 11**

Ова Упатство за изменување и дополнување на Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Точка 12**

Упатството за изменување и дополнување на Упатството за начинот на водење евиденција за лица овластени за вршење обработка на личните податоци и за водење евиденција за пренесување медиуми надвор од работните простории на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе се објави на огласната табла на Агенцијата.

**Бр. 01-3677/1**
**08-10.2021 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

Прилог бр.1

# Евиденција

**на овластени лица кои имаат авторизиран пристап до документите и информацискиот систем на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

| Ред. бр. | Име и презиме | Датум на овластување/решение за распоредување | Рок на важење на овластувањето/решението | Овозможен пристап до збирка/евиденција | Обем на пристапот | Начин на пристап |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | - увид ДА/НЕ<br>- внес ДА/НЕ<br>- промена ДА/НЕ<br>- брише ДА/НЕ | - автоматски<br>- хартиена документација |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |
| 4. | | | | | | |
| 5. | | | | | | |
| 6. | | | | | | |
| 7. | | | | | | |